## Советот за етика во медиумите на Македонија објавува повик за ангажирање експерт/ти за потребите на проектот: Зајакнување на отпорноста на медиумите против дезинформациите во Северна Македонија

### Вовед

Советот за етика во медиумите со поддршка на Амбасадата на САД во Скопје во рамки на проектот „Зајакнување на отпорноста на медиумите против дезинформациите во Северна Македонија", спроведе проектни активности кои имаат за цел да ги поттикнат новинарите и медиумските професионалци ефикасно да се спротивстават на дезинформациите и да го подобрат квалитетот на медиумските содржини поврзани со безбедноста и националната одбрана. За таа цел, во периодот март-јуни 2024 година, група обучувачи спроведоа 2 фокус групи со новинари, како и 2 дводневни обуки со цел да се обучат новинарите како да препознаат и со проверка на факти да ги разобличат дезинформациите, да ги подобрат нивните истражувачки вештини за дезинформациски наративи и да креираат јасни и разбирливи содржини што ефикасно ќе комуницираат со публиката. Во текот на обуката новинарите беа охрабрени да предложат идеи за истражувачки стории на теми поврзани со безбедноста, а 2 најдобри идеи, со менторска поддршка од обучувачите, ќе бидат објавени во медиумите.

### Предмет и опис на ангажманот

Врз основа на изготвените извештаи од веќе спроведените 2 фокус групи, како и 2 дводневни обуки со новинари, во соработка со тимот на СЕММ, понудувачот (правно или физичко лице/лица) треба да подготви онлајн прирачник со уредувачки насоки и најдобри практики за проверка на факти и информации во областа на безбедноста.

Овој прирачник ќе служи како уредувачки насока за медиумите и другите заинтересирани страни.

Опис на задачите:

- Изработка на уредувачки насоки за проверка на фактите и информации во областа на безбедноста.
- Подготовка на онлајн издание за уредувачки насоки на македонски јазик и албански јазик.
- Соработка со проектниот тим и други експерти од областа.
- Изработка на онлајн верзија на прирачникот што ќе може да ја споделат сите партнери и корисници.
- Учество на завршниот настан на проектот, кога ќе биде потпишан меморандум за усвојување на насоките со претставници на медиуми.
- План за комуникација и креирање визуелна кампања за промоција на прирачникот на социјалните мрежи.

За таа цел, понудувачот ќе треба да вклучи во својот тим:
Консултант за комуникации и уредник на онлине изданието
Дизајнер за брендирање и дизајн за социјални медиуми
Преведувач од македонски на албански јазик

**Резултат**

Резултат од ангажманот треба да биде креирање на онлајн издание со уредувачки насоки за проверка на фактите и информациите во областа на безбедноста, придружено со план за комуникација и креирање визуелни слики за кампања на социјалните медиуми

**Временска рамка**

Краен рок за реализација на обврските е 20 август 2024 година.

**Потребни квалификации и вештини на експертот/те**

Понудувачот (физичко или правно лице/лица) треба да предложи најмалку три (2) експерти, со следните вештини и квалификации:

Високо образование во областа на општествените науки.

- Најмалку 3 години искуство во изработка на анализи, истражувања, и подготовка на онлине прирачници и упатства за препознавање дезинформации во областа на безбедноста и одбраната, искуство во градење и пренесување јасни и разбирливи содржини за ефективно да комуницираат со публиката.
- Одлично познавање на македонскиот и англискиот јазик.

*Специфични вештини и квалификации*

- Учество во најмалку две истражувања/анализи/трудови на тема дезинформации во областа на безбедноста и одбраната.

***Оценувањето на понудите ќе го прави трочлена комисија користејќи ја и Табела за евалуација на понуда (во прилог).***

**Буџет**

Понудувачот да даде предлог методологија, временска рамка, финансиска конструкција за понудените услуги како и кратки биографии на предложените експерти.

**Пријавување**

Ве молиме испратете мотивациско писмо и CV од клучните експерти (тим) и/или истражувачко портфолио на организацијата (доколку понудувачот е правно лице) да се испрати на info@semm.mk со предмет на пораката: ***Онлајн издание за уредувачки насоки.*** Краен рок е 15 јули 2024 година. За сите дополнителни прашања можете да ни пишете на info@semm.mk